П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот на друштвото, Собранието на акционерите на Аутомакедонија АД Скопје на XXVIII-та седница одржана на ден 29.05.2025 година донесе

# ОДЛУКА
## за стекнување сопствени акции со откуп

### Член 1

СЕ ОДОБРУВА стекнување на сопствени акции со откуп.

Номиналната вредност на откупените сопствени акции заедно со номиналната вредност на сопствените акции што Друштвото ги има стекнато претходно и што ги поседува нема да надминува една десетина од основната главнина на Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, односно максималниот број на сопствени акции кои можат да се стекнат изнесува 8.253 акции.

Минималната цена по која ќе се врши откупот на сопствени акции се утврдува на износ од 2.700,00 денари за една акција, а максимална цена по која ќе се врши откупот се утврдува на износ од 3.700,00 денари за една акција.

### Член 2

Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

### Член 3

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

Купувањето на акциите според член 1 на оваа Одлука ќе се изврши од посебните резерви издвоени во претходните години.

### Член 4

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на Друштвото да ги преземе и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза.

### Член 5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Одлука бр. ______________/ 29.05.2025

АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
СОБРАНИЕ
Претседавач